# Ново Срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 156. Дата: 24. 12. 2012.**

## Десет заблуди за христијанството

### Заблуда бр.8: *„Суштината на Христијанската вера се сведува само на празниците и обичаите; а како си го живеам животот и што правам, тоа си е моја, лична работа!?“*



Еден селанец, откако бил на Велигденска богослужба во градот, си тргнал накај своето село. По пат го начекал некој овчар и откако насетил дека трговецот има доста пари со себе, го нападнал, го ограбил и го убил.

По некое време, полицијата го фатила убиецот и го извеле пред суд. Судијата гласно ја изговорил пресудата: „да се запише дека обвинетиот се осудува не петнаесет години затвор, бидејќи убил човек и му ја зел кочијата, парите, алиштата и едно печено пиле“. На тоа, овчарот реагирал:

„Не е така чесен суде. Навистина го убив и ограбив трговецот, но печеното пиле не го зедов, бидејќи во овие празнични денови се пости, а јас сум верник и си го пазам постот“.

Оваа приказна многу јасно нагласува колку е погрешно да се мисли дека христијанската вера се состои (само) во држење празници и постење. Па сепак, во Македонија многумина размислуваат по сличен начин; ако работиш на празник, или не постиш, ти си безбожник, макар и да живееш свет живот. Од друга страна, доволно е да имаш куќна слава или да одиш на црква за Божиќ и да кажеш „Христос се роди“; тогаш ти дефинитивно си христијанин.

Но дали тоа е суштината на Христијанството? Дали тоа на христијаните им дава за право да си живеат како луѓето во светот: грешно, себично, оддалечени од Бог?

По ова прашање Бог е јасен. Тој го отфрли Изралескиот народ токму заради таквиот живот. Тие живееја развратно и грешно; практикуваа обичаи кои не му беа угодни на Бог, се молеа на идоли, а потоа доаѓаа во Божјиот храм, за да празнуваат. Бог им *одговараше „не поднесувам празнувања и беззаконија“* (Исаија 1:13)



И Господ Исус отворено ги критикуваше оние кои само формално се нарекуваа верници и укажа дека не е доволно само да користиме религиозни фрази. Во една прилика Тој кажа: *„Не секој, што Ми вели: ‘Господи, Господи!’ ќе влезе во царството небесно, а оној, кој ја врши волјата на Мојот Татко, Кој е во небесата“*. (Матеј 7:21)

Апостол Павле го застапува истиот став, велејќи: *„да не се дружите со оној, кој наречувајќи се брат, си останува блудник, или користољубец, или идолопоклоник, или хулник, или пијаница, или грабач; со таков и да не јадете.“* (1 Коринтјани 5:11)

За жал, сеуште има самонаречени христијани, кои имаат љубовни афери, пороци, амајлии и идоли, негуваат пагански обичаи, си гледат на кафе, читаат дневен хороскоп, одат на бајачи и гатачи ... а за празници повторно се „побожни“ и лојални верници.

Сетоа тоа е поради увереноста дека нашиот Господ се интересира само за празниците и обредите и дека тоа е целата суштина на Христијанството. Но тоа е уште една заблуда.

<u>**Ако си христијанин, тогаш Христос ќе биде центарот на твојата вера, а не празниците!**</u>

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**